РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-492/5
26-07-2021

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на прво продолжение на 50-та седница, одржана на ден 22 јули 2021 година, донесе

## О д л у к а

Постапката по предметот 09 –3436/1 од 05.07.2019 година СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за нејзино надлежно постапување во предметот со број 09 –3436/1 од 05.07.2019 година, бидејќи во пријавата не е утврдена повреда за наведениот закон.

Предметот со број 09 –3436/1 од 05.07.2019, да се затвори и да се архивира.

### О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09 –3436/1 од 05.07.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава во која се бара поведување за испитување на состојба на судир на интереси против лицето ---------, која во улога на предлагач на предолг програмата на Култура за 2019 година, на својот сопруг, односно на негово здружение, му доделува финансиски средства.

Државната комисија се обрати до Општина --------- со цел да добие податоци кои лица се вклучени во постапката за избор на здруженија од областа на културата, кои добиле средства од Буџетот на Општина -------- во Програмата за култура за 2019 година, односно кои лица се дел од Комисијата која одлучувала по ова прашање, податок дали лицето ------------ е вклучена во било кој дел од постапката за доделување на средства од Буџетот на Општина ---------- во Програмата за култура за 2019 година.

Врз основа на добиените податоци се констатира дека лицето ------------ било ангажирана со договор во општина --------- од 18.07.2018 година до 31.08.2020 година со надлежност да извршува работи поврзани со изработка на проекти од областа на културата. Со прекинување на договорот на ден 31.08.2021 година, наведеното лице повеќе не е службено лице согласно член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Понатаму, Комисија која одлучувала за доделување на финансиски средства на здруженија од областа на културата, односно Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделување награди и признанија била составена од Членови на советот на Општина ---------. Лицето ------------- не било член на наведената комисија, односно нема право на одлучување во постапката. Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник
Одобрил: В.Г, Член на ДКСК